РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4473/1
18-11-2020 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот -------------------доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 41-тата седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 24.12.2019 година поднесена од подносителот --------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4473 од 26.09.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконско постапување на службени лица од Македонска банка АД во ликвидација Скопје и други службени лица (стечаен управник, ликвидатор и извршител) во врска со утврдување на ненамирен паричен износ - неплатен долг кон банката направен со издавање на чекови без покритие во 2007 година од страна на подносителот на пријавата и пресметани законски камати, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-4473/1 од 26.09.2019 година.

Предметот да се затвори и да сеархивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4473/1 од 26.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ---------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско постапување на Македонска банка АД во ликвидација Скопје и други службени лица - стечајни управници, ликвидатори и извршител во конкртетен предмет - поврзан со ненамирен паричен износ кон банката направен со издавање на чекови без покритие во 2007 година од страна подносителот на пријавата.

Имено, подносителот на пријавата примил личен доход преку тековна сметка во Македонска банка АД Скопје, каде се до јули 2007 година вршел исплати со чекови и готовински исплати. Тужениот издал чекови без покритие при што не обезбедил прилив на средствата на тековната сметка со што направил

долг од 23.558 денари. Со оглед на тоа што подносителот не го намирил долгот, му била издадена тужба за предлог за издавање на платен налог, но тој во меѓувреме не го намирил долгот. Основниот суд Скопје II Скопје со Пресуда донесена на 13.02.2014 година го одбил приговорот на подносителот и го задолжил покрај главниот долг да ја плати и законската затезна камата. Со цел наплата на долгот, од причина што подносителот е пензионер од страна на извршител му бил издаден налог за извршување врз пензија - забрана на 1/3 од пензијата за наплата на парично побарување.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и приложената документација , Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија, оттаму заклучи дека нема нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот и истиот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Нури Бајрами, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**